ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

AGJPP
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2024 година**

**СОДРЖИНА**

**I ПРЕДГОВОР** ..... **3**
**II СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ** ..... **4**
II-1. Просторни капацитети ..... 4
II-2. Човечки ресурси ..... 5
**III ПОЧЕТНА ОБУКА** ..... **6**
**IV КОНТИНУИРАНА ОБУКА** ..... **7**
**V ДОМАШНА СОРАБОТКА** ..... **9**
**VI МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ..... **10**
VI-1 МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ ..... 10
**VII ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (IT)** ..... **23**
VII-1 Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата ..... 23
**VIII БИБЛИОТЕКА** ..... **24**
**IX БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ** ..... **24**

# I ПРЕДГОВОР

Академијата, како и во изминатите години, и во 2024 година ќе продолжи успешно да ги остварува предвидените активности, во согласност со своите визија и мисија, на планот на унапредување на стандардите на обука, во согласност со современите меѓународни начела и стандарди, усогласени со потребите на националните судии и обвинители и со потребите за унапредување на независноста, стручноста и компетентноста на македонското правосудство за исполнување на критериумите за влез во ЕУ.

Во таа насока, во фокусот на едукативните процеси во 2024 година ќе се најде заедничкиот предлог-проект на EJTN и на ERA, со кои Академијата негува одлични повеќегодишни релации, поднесен до Европската комисија во рамките на програмата JUSTICE, кој се однесува ексклузивно на едукација на судски службеници. Со вклучувањето во оваа програма, Академијата ќе има можност да определи 6 стручни соработници што ќе добијат специјална едукација на тема „Меѓународна правна соработка во кривична и граѓанска област“ и дополнително уште 10, кои ќе посетуваат посебни курсеви за учење на терминологијата поврзана со граѓанска и кривична област, повторно за меѓународната соработка и за правната соработка за предмети. Учеството во програмата JUSTICE е од особена важност за македонското правосудство во контекст на нашите стремежи за влез во ЕУ. Доколку се потпише меморандумот за соработка со Европската комисија, односно доколку се излезе во пресрет на потребите за котизација, во согласност со меморандумот за соработка, Академијата ќе се стреми кон целосно искористување на потенцијалот што го нуди истата, во насока на спроведување на сите активности како за почетната, така и за континуираната обука, и кон размена на искуства со земјите од ЕУ. Исто така, откако ќе се потпише меморандумот за соработка, тој ќе се смета за активен и пред преносот на финансиските средства, така што нашата земја ќе се здобие со можноста веднаш да учествува во Програмата.

Најголемиот предизвик за Академијата во тековната 2024 година во доменот на почетната обука ќе биде спроведувањето на приемниот испит за деветтата генерација, која ќе ја сочинуваат 130 слушатели. Во делот на реализација на примениот испит, Академијата беше исправена пред огромна пречка во организацијата на квалификацискиот испит поради тоа што ресорното министерство кон крајот на 2023 година не спроведе навремена набавка за сервер. Едно од понудените решенија што треба да придонесат за успешно продолжување на полагањето на испитите во Академијата беше испитот да се полага писмено, а бидејќи Академијата има свој читач за електронско читање на резултатите од тестовите, беше задолжена со Заклучок на Владата на РСМ да им помогне во електронското читање на резултатите на сите институции во државата што спроведуваат испити. За да се оствари сето ова, потребни се измени на Законот за Академијата имајќи предвид дека со постојниот закон (Службен весник бр. 129/2023), квалификацискиот испит се полага по електронски пат.

## II СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

Еден од клучните параметри низ кои се одредува нивото на развојот на државата во насока на стандардите на Европската Унија е владеењето на правото и почитувањето на човековите права. Токму во овој сегмент имајќи ја предвид улогата на Академијата во правосудниот систем на Република Северна Македонија, институцијата во континуитет, така како што следуваат извештаите на ЕК за напредокот на нашата држава, е со позитивна оценка. Последниот најсилен доказ за успешноста на Академијата е Скрининг-извештајот на ЕУ каде што Академијата беше единствената правосудна институција што беше ставена во позитивен контекст. Во функција на оваа стратешка и клучна определба, Академијата има за задача во содејство со другите институции-партнери да продолжи во рамките на своите надлежности да се подредува со оваа висока цел. Во нејзините општи рамки потребно е понатамошно развојно поставување поконкретни приоритети, кои ќе инвестираат во непристрасно, професионално, ефикасно и ефективно функционирање на правосудните органи. Поставувањето и следењето на институционалните развојни правци се одредува преку дефинирање стратешки цели и приоритети. Оттука, Академијата во соработка со експерти од областа на стратешкото планирање како и во соработка со ОБСЕ започна да работи на креирање нов стратешки план што ќе се однесува на период од наредните 5 години, со кој ќе се определат планови и цели, кои Академијата ќе се стреми да ги постигне како би ја усовршила својата работа и би ја подобрила својата ефикасност. Со стратешкиот план ќе бидат идентификувани сите позитивни и негативни страни како во едукативните процеси што ги спроведува Академијата, така и кај кадровската внатрешна политика. Целта е да се ревидираат и да се усогласат работните процеси во Академијата во линија со новиот Закон за Академијата и новитетите на полето на правото во ЕУ.

### *II-1. Просторни капацитети*

Академијата ќе ги продолжи своите заложби, во соработка и преговори со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за правда и другите ресорни министерства, за изнаоѓање и обезбедување можности за решавање на просторното проширување на Академијата. Ова проширување е неопходно за да добие Академијата простор потребен за остварување на концепциските цели и задачи. Имено, со оглед на големиот број меѓународни настани, конференции, потребата од одржување симулирани судења, електронското спроведување на испитите и сл., неопходно е да постојат просторни содржини што ќе бидат соодветни на местото и на улогата на Академијата во системот на правосудните институции. Особено ако се има предвид фактот дека во моментот Академијата го спроведува приемниот испит на деветтата генерација што ќе ја сочинуваат 130 слушатели, за кои

теоретскиот дел од наставата ќе се спроведува во просториите на Академијата, потребата од просторни капацитети е повеќе од нужна.
Истовремено, Академијата која се профилира како модерна и европска институција во насока на одржување чекор со образовните установи во регионот и во ЕУ, има потреба од соодветен простор за библиотека, во која покрај сместување на библиотечниот фонд, ќе располага и со опрема што ќе им овозможи, како на слушателите, така и на менторите, во нејзини рамки да можат да работат, да учат, да истражуваат итн.

### *II-2. Човечки ресурси*

Во овој домен од исклучителна важност е пополнувањето на работните места предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, што ќе овозможи вработување лица што ќе бидат оспособени за вршење на одделните сегменти од дејноста, и тоа не само правници туку најприоритетно е пополнувањето на раководните места за унапредување на меѓународната соработка со сродни институции и мрежи, особено на лица задолжени за привлекување, подготовка и реализација особено на меѓународни проекти, кои претставуваат поддршка не само на Академијата туку и на целото правосудство.

Во моментот Академијата има пополнето само две раководни места, и тоа: државен советник и раководител на Сектор за финансиски прашања и стратешко планирање. Тоа значи дека во согласност со Правилникот за систематизација, Академијата има 4 сектори, од кои само еден има раководител и 9 одделенија без раководители.

Како и во изминатиот период, така и годинава Академијата ќе направи напори вработените поактивно да ги посетуваат обуките понудени во согласност со Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2024 година и Годишната програма за обука за административно управување за 2024 година при Министерството за информатичко општество, обуките на покана од Владата на Република Северна Македонија и други државни органи и институции, а воедно ќе се аплицира и на понудени обуки од странските партнери на Академијата, кои се во насока на јакнење и унапредување на капацитетите на вработените во Академијата.

Директорот ќе продолжи со извршување на законските надлежности, особено на планот на подобрување на квалитетот на обуките, договарање и реализација на проекти со домашните и со меѓународните институции, унапредување на соработката со домашните институции на планот на подобро и покоординирано планирање и реализација на обуките од областа на правосудството. Ќе продолжи со учество и работа во разни работни групи за планирање и спроведување на стратегијата за реформа на правосудството и форуми во меѓународните комитети и соработката со институциите за обука, со цел најновите трендови и најдобрите практики во однос на обуката да бидат имплементирани во домашното правосудство.

Стручната служба на Академијата, покрај редовните активности, ќе продолжи со извршување на обврските што произлегуваат од членството во одделни работни групи за спроведување на планираните активности за 2024 година.

## III ПОЧЕТНА ОБУКА

Почетната обука – практична настава, почна во мај 2023 година и е предвидено да трае до август 2024 година, по што слушателите на почетната обука ќе полагаат завршен испит, кој според новиот Закон за Академијата, се состои од три дела: писмен дел, симулација на судење и устен дел.

Траењето и содржината на практичната настава се одвива во согласност со Програмата и Правилникот за практична настава, и ги опфаќа судискиот/ јавнообвинителскиот дел од практичното работење. Според внесената новина, оценувањето на постигнатиот успех на слушателите во практичната настава ќе го врши Комисија за оценување на практичната настава составена од пет члена, кои не смеат да бидат членови на менторскиот тим на слушателот што се оценува.

Во 2024 година континуирано ќе се следи спроведувањето на Програмата за почетна обука – практична настава, заради детектирање на евентуалните слабости на програмата, со цел нивно надминување и постојано подобрување на квалитетот на обуката. Во таа насока, ќе се одржуваат редовни состаноци со менторите од сите менторски подрачја, заради унапредување на знаењата и на вештините на слушателите.

Според новиот Закон за Академијата, направени се клучни измени во делот на полагањето на приемниот испит, сè со цел неговото спроведување да биде поефикасно, да се рационализира постапката и да служи како еден вид гарант дека Академијата навистина, како и во минатото, секогаш ги селектира најдобрите од најдобрите. Па, така, извршена е промена во редоследот на полагањето на тестовите од кои се состои приемниот испит, а практичниот испит што се полага последен во постапката за прием се состои од писмен дел и устен дел. Писмениот дел се состои од испитна задача за решавање две студии на случај (една од кривичен и една од граѓански судски предмет). Воедно направена е измена во начинот на оценување, при што на квалификацискиот тест може да се освојат најмногу 100 бода. Точниот одговор на секое прашање со бодува со 1 бод, при што секое прашање на тестот може да се одговори со селектирање на еден од трите понудени одговори. Лицето што добило 60 бода или помалку, се смета дека не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага останатиот дел од испитот. На писмениот дел од практичниот испит кандидатите можат да освојат најмногу 70 бода (35 бода од кривичен судски предмет и 35 бода од граѓански судски предмет), додека на усниот дел од испитот можат да добијат најмногу 30 бода. На практичниот испит можат да се освојат најмногу 100 бода.

## IV КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука е сè уште најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и опфаќа целни групи во трите главни програми за обука, и тоа: општата програма за задолжителна континуирана обука, специјализираната програма за доброволна континуирана обука, специјализираната програма за обука на судии поротници, која се изготвува по потреба, а останатите две програми во согласност со новиот Правилник за континуирана обука се донесуваат за време од две години, но заради следење и усогласување со измените во законските прописи, може да се донесат и за време од една година.

Основна обврска за Академијата и во 2024 година претставува реализацијата на Годишниот каталог на обуки, кој е изготвен врз основа на спроведената и сеопфатна пишана методологија за оцена на потребите на сите целни групи, а усогласена со обврските за обука што произлегуваат од Извештајот за прогресот на Република Северна Македонија, обврските од други меѓународни организации, како Комитетот ГРЕКО и др., како и од потребите за понатамошно унапредување на професионалноста и стручноста на домашното правосудство како политички критериум за влез во ЕУ.

И годинава ќе се настојува да се подобри методологијата на процена на актуелните потреби за обука со цел да се креираат програми што ќе одговорат на потребите на целните групи, како од аспект на правните подрачја и теми што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологија на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното извршување на надлежностите на судиите и на обвинителите и на судската и на обвинителската администрација.

Во рамките на унапредувањето на програмите за едукација, особено внимание ќе им се посвети на препораките што доаѓаат од ЕУ, но и пошироко, за актуелни теми од областа на правото и општествените теми какви што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската Унија и судската практика, примена на начелата на ЕКЧП, стандардите на Европскиот суд за човекови права и образложување и правно аргументирање на одлуките, како и обуки за организиран криминал, корупција, финансиски криминал, етика и судир на интереси, фемицид, говор од омраза, кои како теми во изминатата година се најдоа на приоритетните листи на земјите од ЕУ и ќе бидат во фокусот и во 2024 година.

Унапредување на модулите за натамошно развивање на вештините на предавачите и на менторите за спроведување на обуката како во рамките на почетната така и во рамките на континуираната обука е еден од приоритетите на Академијата за 2024 година, поради што Академијата ќе ја продолжи соработката со Центарот за правосудна обука и студии на Холандија, со кого веќе во 2023 година организираше 4 дводневни обуки на обучувачи, со кои беа опфатени едукаторите и менторите на Академијата.

Особено внимание ќе се посвети и на подобрување на системот на подготовка и организација на континуираната обука, со употреба на стандардизираните обрасци

на програмите за обуките и воведување постојни едукаторски тимови што ќе развиваат материјали за обука за посебни области заради ефикасност на обуките, а ефикасноста и корисноста на обуките ќе се оценуваат определен период по спроведувањето на обуката.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РСМ и на апелациските судови, за разгледување одделни прашања од кривичната и од граѓанската област, со цел воедначување на судската практика. За таа цел, од големо значење е учество на предавачи од судовите и од обвинителствата од повисоките инстанции за презентација на судската практика и изработка на квалитетни наставни материјали.

Во 2024 година ќе се работи на реализација не само на програмите усвоени од Управниот одбор туку и на исполнување на многубројните обврски преземени со меѓународните проекти и меморандуми за соработка.

Планирано е и во текот на 2024 година да продолжи реализацијата на обуки што ќе покријат важни аспекти од нови законски решенија, какви што се новите измени на Кривичниот законик, на Законот за прекршоци, новиот Закон за вештачење и други тековни промени што ќе се случуваат во правната област.

Ќе се продолжи и со континуирана обука на судските и на јавнообвинителските службеници според веќе усвоената рамковна програма и усвоениот Годишен каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, Судско-буџетскиот совет и Советот на судската служба, при изборот на предавачите и на темите. Исто така, во 2024 година ќе се посвети особено внимание за поактивно вклучување и на стручните соработници од Врховниот суд на РСМ во едукативните настани на Академијата.

Исто така, ќе продолжи реализацијата на специјализираната Програма за едукација на судиите поротници, со посебен фокус на теми што се од значење за нивното ефикасно учество во делењето на правдата во Република Северна Македонија.

Во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2024 година Академијата ќе продолжи да презема конкретни чекори во следните сегменти: унапредување на системот за процена на потребите за обука; развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачи, за предавачите и за менторите, во насока на унапредување на наставната методологија во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа; понатамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и на јавните обвинители; подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судиите и на јавните обвинители со фокус на теми што се од значење за практиката, изучување на судската практика како извор на правото, особено практиката на ЕСЧП; зголемување на бројот на обуки за етика, како и за судир на интереси и антикорупциски мерки, за сите целни групи на Академијата; подготовка на програми за обуки за комуникациски вештини

со јавноста и со медиумите за назначените портпароли во судовите и во обвинителствата. Во однос на зајакнување на веќе започнатиот процес на дигитализација на судството, Академијата во тековната година предвиде спроведување обуки за сајберхигиена наменети за информатичарите од судовите и од јавните обвинителства.

Со цел одржување и јакнење на угледот на Академијата како организатор и како солиден партнер во случаите на коорганизирање обуки со странските партнери, особено во поглед на напредните и специјализирани обуки за правото на ЕУ и меѓународното право, Академијата ќе го продолжи трендот на поригорозна селекција на учесниците на обуките, во смисла на обезбедување учесници што ќе имаат претходни познавања од темите за да се постигне поголема интерактивност и ефикасност на обуките.

За Академијата, особено во доменот на спроведувањето на континуираната обука, од посебна важност ќе биде приклучувањето кон програмата на DGJUST на ЕУ, која ќе има силно влијание врз обезбедувањето пристап до поквалитетни обуки од областа на правото на ЕУ, што се покажува како клучен елемент во исполнувањето на обврските од интегративниот процес за влез на нашата држава во ЕУ.

## V ДОМАШНА СОРАБОТКА

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапреди соработката со сите институции застапени во Управниот одбор на Академијата, особено со Врховниот суд на РСМ, Јавното обвинителство на РСМ, Судскиот совет на РСМ, Советот на јавните обвинители на РМ и Министерството за правда, Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители, понатаму, соработка со Вишиот управен суд и со Управниот суд, соработка со НВО и со граѓанското општество.

Од особено значење во иднина ќе биде соработката со двата совета во правец на утврдување на поединечните потреби на секој судија и обвинител за обука и за усовршување, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а со цел унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

За ефикасно организирање на обуките, од исклучително значење ќе биде понатамошната соработка со претседателите на судовите и со јавните обвинители на јавните обвинителства од сите инстанции, но и со Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, во поглед на планирање и избор на обуките од страна на самите учесници, во целосна координација со нивните претседатели и јавните обвинители на обвинителствата за да не се нарушува секојдневното функционирање на судовите и на јавните обвинителства.

И во 2024 година ќе се развиваат и ќе се унапредуваат специјализираните програми за обука за реализација на тркалезни маси за Врховниот суд на РСМ и апелациските судови, за Јавното обвинителство на РСМ, вишите јавни

обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и за јавните обвинители на јавните обвинителства, Управниот суд, Вишиот управен суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет. Исто така, ќе се организираат специјализирани обуки за новоизбраните судии и јавни обвинители.

Понатаму ќе се унапредува веќе воспоставената практика на мултидисциплинарни обуки со учество на предавачи и учесници од другите правни професии, односно со сите целни групи што ги спроведуваат законите од областа на правосудството, адвокати, нотари, медијатори, извршители, претставниците од Министерството за правда, Комората на нотари, Комората на медијатори, Комората на извршители, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Бирото за јавни набавки, ДКСК итн.

**ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ НА РСМ и Академијата** во 2024 година е предвидено да потпишат меморандум за соработка, со кој заеднички ќе ги спроведуваат обуките во рамките на проектот „Зајакнување на националните механизми за борба со говорот на омраза“ поддржан од ЕУ. Се предвидува реализација на четири дводневни работилници за судиите и за јавните обвинители од четирите апелациски подрачја. Обуките ќе ги обработуваат најдобрите практики на ЕУ, судска практика на ЕСЧП, и процесирање и постапување во случаи на говор на омраза, како и собирање докази.

## VI МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Академијата особено внимание ќе посвети на развој и унапредување на соработката со другите школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на искуства при имплементацијата на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

### *VI-1 МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ*

- **ДЦАФ** – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор и Академијата во рамките на заедничките програмски активности досега се фокусираа на развој и испорака на обуки и ресурси за обуки специјално дизајнирани за да им овозможат на членовите на правосудството да ги применат релевантните правни критериуми и начела што произлегуваат од судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), а беа заеднички планирани и договарани на состаноците на Правосудната управувачка група предвидена како управувачко тело со кое претседава Академијата.

Идните активности во Програмата ќе опфатат работилници со повеќе засегнати страни за утврдување процедурални празнини и недоследности во меѓуинституционалната соработка, односно практичните празнини и

недоследности во комуникацијата меѓу судовите, обвинителствата и органите на кривичниот прогон и можности за развој на систем на заштитни мерки при процесот на судско одобрување на посебните истражни мерки. Секако, од големо значење заради усогласеност на институциите од синџирот на кривична правда, ќе биде присуството на претставници на институциите за спроведување на законот и институциите со мандат за контрола и надзор над спроведувањето на посебните истражни мерки.

Во текот на 2023 година во рамките на заедничките програмски активности беше подготвена Методологија на истражување на судската практика за одобрување и спроведување посебни истражни мерки во РСМ. Во нејзината подготовка беа вклучени тим од тројца истражувачи (професори од Универзитетот на Југоисточна Европа и од УКИМ) кои имаат одлично познавање на методите на истражување, собирање податоци, кривична постапка, посебни истражни мерки и особено судската практика во РСМ и секако одлични вештини на пишување извештај.

Врз основа на развиената Методологија, Академијата во 2024 година ќе спроведе истражување на судската практика поврзана со судско одобрување и спроведување на посебните истражни мерки во Северна Македонија. Ваквото сеопфатно истражување ќе вклучи голем број правосудни практичари во текот на процесот на собирање и анализа на податоците заради извлекување заклучоци за надминување и подобрување на неконзистентностите во судското постапување поврзано со посебните истражни мерки.

➢ **МИСИЈАТА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ и Академијата** ја продолжуваат својата долгогодишна соработка преку реализација на нов сет активности насочени кон унапредување на знаењата и на вештините на правните практичари во Република Северна Македонија. Резултатите од досегашната реализација покажуваат дека активностите што ги реализираат Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Академијата имаат значително и позитивно влијание врз секојдневното практикување на правото, што претставува добра основа за унапредување и одржување на оваа соработка. Во 2024 година се предвидени повеќе едукативни активности какви што се:

- Поддршка на почетната обука наменета за идните судии и јавни обвинители на тема: притвор и алтернативно задржување vis a vis практиката на Европскиот суд за човекови права во случаите против Северна Македонија во однос на членот 5 од Европската конвенција за човекови права. За да ја постигне оваа реализација својата цел, беше предложено за нејзиното спроведување да биде ангажиран некој од Стразбур, ако не постои можност за физичко присуство, тогаш со вклучување на тоа лице онлајн. Исто така, Академијата има развиено извори на овие теми, кои можат да се искористат во рамките на обуката;
- Поддршка за спроведување обука за финансиски истраги и организиран криминал (во области какви што се електронски докази во ваквиот вид случаи). Со оваа обука ќе бидат опфатени и неколку други институции

покрај Академијата, какви што се Финансиската полиција, Министерството за внатрешни работи итн.

- Пилот-обука со модули за родово базираното насилство развиени од Мисијата на ОБСЕ во Скопје (истовремено вклучувајќи ги и измените од Кривичниот закон, кои се во линија со Истанбулската конвенција). Академијата за реализација на оваа обука предложи да биде земена предвид и неодамна изготвената Анализа за фемицид, која беше промовирана од Академијата во соработка со АИРЕ Центарот од Лондон, а во нејзиното подготвување беа вклучени и национални судии што постапуваат по кривични дела од оваа област.
- Спроведување специјализирана обука за судиите од Виш управен суд и од Управен суд на тема поврзана со споровите што произлегуваат од Изборниот законик, во согласност со Каталогот за континуирана едукација на АСЈО за 2024 година.

➢ **ИРЗ** и Академијата се долгогодишни партнери во спроведување активности што се во насока на надградување на вештините и унапредување на знаењата на судиите и на јавните обвинители особено во делот на правото на ЕУ, притоа како пример користејќи го правосудниот систем на РС Германија. Значајно е и тоа што во континуитет слушателите на програмата за почетна обука се опфатени со дел од овие активности, кои најчесто се реализираат преку организирање студиски посети на правосудните институции на СР Германија, каде што имаат можност преку директна размена со германските судии и јавни обвинители да се запознаат подетално со правото на ЕУ. За 2024 година беа разгледани можностите за унапредување на соработката преку реализација на заеднички едукативни активности за теми што ќе се препознаат како актуелни и од интерес на правосудната фела во Република Северна Македонија.

➢ **ГИЗ** и Академијата во 2024 година ја започнуваат реализацијата на активностите во рамките на проектот „ЕУ поддршка за јакнење на борбата против криумчарење мигранти и трговија со луѓе во Западен Балкан“, кој е финансиски поддржан од Европската комисија, Владата на Германија, Министерството за внатрешни работи на Италија и Кралството Холандија. Имплементирачки партнери се: Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ, Министерството за внатрешни работи на Австрија, Германската федерална полиција, Центарот за меѓународна правна соработка (CILC), CIVIPOL, министерствата за внатрешни работи на Хрватска, на Италија, на Словенија и на Унгарија. Овој проект ја почна својата реализација во јуни 2023 година и неговата завршна фаза е во мај 2027 година. Проектот опфаќа 4 области што се клучни за трговијата со луѓе, а Академијата својата поддршка ќе ја даде во делот на спроведување обуки. Првата обука ќе биде посветена на темата: Симулација на сослушување дете сведок, а ќе се одржи во просториите на ОЈО ГОКК веднаш по

пуштањето во функција на собата за сослушување деца сведоци во ОЈО ГОКК, која е опремена и оспособена специјално за оваа намена од страна на проектот.

- **ЕИПА** – Во согласност со соработката помеѓу Академијата и Европскиот институт за судии и правници од Луксембург, која продолжува и во 2024 година, од ЕИПА беше презентирана предлог наставна програма за правото на ЕУ. Ваквата програма означува нов чекор во соработката меѓу Европскиот центар за судии и адвокати (Центар на европскиот институт за јавна администрација во Луксембург; во понатамошниот текст EIPA LUX) и Академијата. Неговата реализација е овозможена благодарение на поддршката дадена од Министерството за надворешни и европски работи на Големото Војводство Луксембург на Република Северна Македонија преку повеќегодишниот проект за техничка помош „Подготовка за исполнување на барањата од Поглавје 23 – Зајакнување на судството“ во 2022 година. Во таа насока, програмата презентираше многубројни препораки поврзани со структурата и содржината на посакуваната наставна програма за правото на ЕУ, составена од низа содржински компоненти, што Академијата би можела во иднина да ги вклучи како задолжителни елементи во почетната и/или во континуираната обука за судиите и јавните обвинители во земјата. Па, така, во согласност со оваа програма, Академијата во Програмата за теоретската настава, како дел од почетната обука на тековната осма генерација слушатели, ја предвиде компонентата I од Наставната програма за правото на ЕУ: Правен поредок на Европската Унија, инструменти, карактеристики и основни начела на правото на ЕУ. Во однос на континуираната обука, предвидена е реализација на обука во рамките на компонента V – Судска соработка во граѓанска и трговска материја и Обука на обучувачи за правото на ЕУ, со цел јакнење на компетентноста на обучувачите во Академијата за оваа тема. Исто така, се разгледуваше програмскиот циклус на Академијата и анализа на потребите за обука, особено по однос на инструментите на правото на ЕУ и работата на Европскиот суд на правдата. Во тек е подготовка на Референтен водич за правото на ЕУ, кој содржи извори на правото на ЕУ и истражувачки алатки што ќе го збогатат и ќе го придружуваат курикулумот на Академијата по однос на темата за правото на ЕУ, а особено: право на ЕУ-инструменти, карактеристики и фундаментални начела; заштита на фундаменталните права во Европа; судска соработка во граѓанска и во кривична материја. Покрај ова, соработката меѓу Академијата и Европскиот институт за судии и правници од Луксембург ќе продолжи и преку реализација на заеднички обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ, како и преку обуки за јакнење на капацитетите на Академијата, а воедно е предвидена и реализација на студиски посети. Исто така, во рамките на Отворениот каталог за обуки на ЕИПА, ќе продолжи и учеството на судии и јавни обвинители на обуки во Луксембург, без котизација и со целосна финансиска поддршка на ЕИПА, како и посета на предавачи од ЕИПА во РСМ, кои ќе учествуваат на предвидените обуки во оваа област.

- **АКАДЕМИЈАТА ЗА ЕВРОПСКО ПРАВО (ERA) и Академијата** предвидоа нови активности на полето на професионална едукација за правните професионалци во Северна Македонија што ќе се реализираат во текот на целата 2024 година. Имено, станува збор за повеќегодишна соработка што се интензивираше особено во 2023 година преку проактивното учество на првите луѓе на институцијата во отворање можности за вклучување на националните судии и јавни обвинители во програмите на ЕРА, кои се однесуваат на реализирање обуки за правото на ЕУ наменети за сите нивоа. Академијата во 2024 година ќе обезбеди учество на судии и јавни обвинители преку котизација, сè со цел да се унапредат нивните капацитети и вештини за актуелни теми од правната област во која тие дејствуваат. Академијата на почетокот на 2024 година доби и потпиша писмо за поддршка, како институција партнер, која активно ќе учествува во реализацијата на активностите на проектот „Обука на националните судии за ЕУ конкурентското право“. Односно, Академијата ќе организира во своите простории дводневна обука со физичко присуство, со која ќе бидат опфатени 25-30 национални судии, јавни обвинители и стручни соработници од националните судови; соработка за подготовка и планирање на програмите за реализација на семинарот и избор на експерти; дистрибуција на релевантни информации за подигнување на свеста помеѓу националните судии за проектните активности итн.

- **ЗАЕДНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА НА ЕУ И НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција-III“ и Академијата ја продолжуваат соработката преку реализација на заеднички активности**. Во рамките на оваа соработка Академијата е вклучена во активностите на новиот проект ПРО-ФРЕКС, а датумите на реализација во тековната година дополнително ќе бидат утврдени. Во 2024 година се планирани две Обуки за обучувачи и обучувачки, една за нови обучувач(к)и, а друга за постојните. Потоа ќе следуваат каскадни обуки за суди(јк)и, обвинител(к)и, полицај(к)ци, а воедно се планира и реализација на обука што ќе биде организирана во соработка и со адвокат(к)и.

Исто така, Академијата во 2023 година беше вклучена во менторска програма реализирана во рамките на оваа соработка, на тема „Пристапот на жените до правдата во Западен Балкан“. Имено, во текот на 2024 година се предвидени низа активности, првата е сите обучени ментори да формираат свој тим (судии и јавни обвинители), со кои понатаму ќе работат на развивање и спроведување на активностите на основно, средно и напредно ниво поврзани со:

- Основно ниво: „Женски пристап до правдата“, „родово слепа правда“, кои се бариерите
- Средно ниво: Насилство врз жените; меѓународно право – домашни судови; домашна судска практика
- Напредно ниво: Идеи за елиминирање родови стереотипи; користење родово сензитивни практики

Овие менторски тимови ќе имаат активности во 2024 година, чија реализација ќе ја следи Советот на Европа, а по успешното менторирање, на крајот од годината ќе добијат сертификати.

- **ПРОГРАМАТА ХЕЛП (HELP) НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА** и Академијата ќе продолжат со реализација на заеднички активности што се од интерес за зголемување на ефикасноста на правосудниот систем во РСМ. Платформата ХЕЛП се покажа како исклучително корисна и предизвика интерес кај националните правни практичари, па во таа насока Академијата ќе продолжи активно да ги вклучува судиите и јавните обвинители во курсевите на ХЕЛП, кои се однесуваат на различни правни области и теми.

- **АИРЕ ЦЕНТАР** ја продолжува својата соработка со Академијата во насока на јакнење на капацитетите на правосудниот систем преку спроведување едукација за актуелни правни теми што се особено значајни во ЕУ. Во рамките на оваа соработка, во изминатата година Академијата беше вклучена во мрежата GCJ (Gender Champions in the Judiciary Network) и како активен член на оваа мрежа учествуваше во реализација на настани што беа поврзани со фемицидот и со родовата еднаквост. Имено, мрежата GCJ ги поддржува и ги охрабрува судиите од регионот да ја унапредат родовата еднаквост како и заштитата на правата на жените на Западен Балкан. Во 2023 година Академијата почна со промоција на активностите преку објавување врска до курсевите за подигање на свеста за родовата еднаквост, кои беа изготвени и објавени на страницата на АИРЕ. Воедно, беше изготвен и промовиран Регионалниот извештај за фемицид во чија подготовка беа вклучени и судии од РСМ, членови на оваа мрежа. Исто така, експерти изработија и Прирачник за процесирање случаи за фемицид, чија промоција е предвидена да се реализира на почетокот на 2024 година. Во рамките на овој настан, членовите на мрежата ќе се стекнат со потребните вештини за понатамошна промоција на овој водич и одржување обуки за колегите од пониските судови.

- **УНОДЦ и Академијата** ќе продолжат со пружање заемна поддршка и соработка во спроведувањето на активностите за борбата против трговијата со луѓе, кои се дел од проектот што завршува во април 2024 година. Поточно, следната фаза ќе претставува продолжување на веќе почнатите иницијативи: споделување на материјалите што беа подготвени во првата фаза на проектот со цел примена и користење од корисниците на услуги на Академијата (Анализа на случаи со трговија со луѓе, Националниот извештај за трговија со луѓе, Методологија за симулација на судење и Прирачник) и Подготовка на курикулум за Академијата врз основа на подготвените материјали во првата фаза од проектот.

Исто така, Академијата и УНОДЦ во рамките на Проектот „Борба против појавата на ситната корупција во Северна Македонија“ изготвија методологија за изработка на едукативни модули за потребите на правосудството. Доследната и правилна примена на постојната нормативна рамка неминовно се надоврзува и на

потребата од воспоставување стабилен, ефективен, ефикасен и независен правосуден систем, кој, меѓу другото, ја адресира и појавата на корупцијата во сите нејзини форми. Главна цел на методологијата за овој проект, која специфично ќе се фокусира на справување со проблемот на ситната корупција (корупција од помала вредност), е преку нејзината примена да се јакне капацитетот на судиите, на обвинителите и на истражните органи во Република Северна Македонија за конкретно постапување по разновидните појави на овој специфичен вид корупција, односно нејзино успешно откривање, истражување, гонење и судење. Преку оваа главна цел, се развива и посебната проектна цел, која се стреми да ѝ помогне на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија да развие и долгорочно да спроведе стандардизирана и одржлива антикорупциска обука за справување со ситната корупција, за потребите на своите целни групи во правосудството.

Утврдената методологија ќе обезбеди одржливост на обуката за оваа тема, односно од неа ќе произлезе подготовка на Практикум/Курикулум за спроведување обуки за ситна корупција во почетната и во континуираната обука. Во текот на 2024 година е предвидено практикумот/курикулумот да биде изготвен од еден судија, еден јавен обвинител и еден истражител, а во неговото развивање дополнително ќе бидат вклучени и поголем број судии и јавни обвинители. Откако ќе биде изготвен овој практикум/курикулум, ќе биде организирана и првата пилот-обука преку чија евалуација ќе бидат креирани два модула, и тоа: Модул 1, кој ќе претставува основно ниво и во него како целна група ќе бидат опфатени слушателите од почетната обука на Академијата; и Модул 2, кој ќе претставува напредно ниво, ќе има мултидисциплинарен пристап и ќе биде наменет за судии, јавни обвинители, вработени лица во МВР што работат на истрагите, лица што работат во инспекциските служби во области каде што е нотирана зачестеност на случаи на ситна корупција како и други контролни тела.

УНОДЦ (UNODC**)** ја продолжува работата во борбата против трговијата со огнено оружје во Западен Балкан преку Проектот Justitia, во кој е вклучена и Академијата. Имено, на 14 декември 2023 година, Канцеларијата на ОН за дрога и криминал (УНОДЦ) го лансираше Проектот Justitia, иницијатива за кривична правда насочена кон спротивставување на организираниот криминал и недозволената трговија со огнено оружје во Западен Балкан за да се подобри ефикасноста на системот на кривичната правда во регионот. Академијата за судии и јавни обвинители е еден од клучните партнери со кои ќе се реализираат проектните активности, а Академијата ја претставуваше државната советничка, м-р Сања Пандилов. Проектот Justicia се надоврзува на претходната работа на УНОДЦ од 2020-2023 година, примарно фокусирајќи се на подобрување на законодавството и на зајакнувањето на капацитетите на судството, обвинителството и за спроведување на законот. Во неколку јурисдикции беше забележан напредок: Северна Македонија и Црна Гора ги ревидираа своите кривични закони за да се усогласат со Протоколот на ОН за огнено оружје. Во меѓувреме, Албанија, Босна и Херцеговина (БиХ) и Србија бележат напредок во развојот на драфт-одредби за реформите во легислативата. Работата на УНОДЦ исто така резултираше и со унапредување на вештините на

практичарите од кривичното право во истрагата и гонењето трговија со огнено оружје. Ова вклучуваше и обука во области какви што се идентификација на огнено оружје, собирање електронски докази и следење огнено оружје, со обучени 281 професионалец и платформа за размена на најдобрите практики помеѓу 214 експерти. Работата на УНОДЦ се фокусираше и на аспектите од кривичната постапка, вклучувајќи ја и употребата на посебните истражни мерки при огнено оружје и случаи на организиран криминал. Дополнително, УНОДЦ ја нагласи важноста на конзистентните судски практики во случаите на трговија со огнено оружје преку развивање шест колекции на судска практика за огнено оружје. Во Северна Македонија УНОДЦ воспостави соработка со Академијата за судии и јавни обвинители развивајќи партнерство за континуирана обука на јавните обвинители преку национални водичи за истраги за случаи поврзани со огнено оружје, кои беа развиени во соработка со Академијата во текот на 2023 година и се засноваат на УНОДЦ глобалните водичи. Глобалните водичи ќе се користат и за новите кандидати за јавни обвинители во општиот курикулум, додека националните водичи ќе им служат на постојните јавни обвинители што сакаат да го унапредат своето знаење во специфична област од криминалот поврзан со огненото оружје. За времетраењето на проектот Justitia, националните водичи ќе се ажурираат во согласност со новите измени на Кривичниот законик. За периодот 2024-2025 проектот Justitia наведе јасни цели. Тие вклучуваат јакнење на капацитетите на институциите за кривично право да подготвуваат ефективни закони, да спроведуваат темелни истраги и да ги гонат случаите што вклучуваат организиран криминал и недозволено огнено оружје. Планираните активности опфаќаат организирање состаноци за усогласување на законодавството, развивање курсеви за обука и поддршка на примената на посебните истражни мерки. Соработката со правосудството е значајна компонента од овој проект и овозможува континуирана работа на судската практика за огнено оружје, хармонизација на судските практики притоа имајќи ги предвид стандардите за човековите права. Со проектот Justitia, УНОДЦ прави значаен чекор кон адресирање на предизвиците во трговијата со оружје и организираниот криминал во Западен Балкан, во насока на постабилен и побезбеден регион.

- **УНХЦР и Академијата** ја продолжуваат успешно воспоставената соработка и како дел од оваа соработка во тековната година ќе биде воспоставување и развој на специјализиран Центар за ексклузивитет на Меѓународното право за бегалците и правото на азил во рамките на Академијата. Целта на овој Центар е да ги зајакне професионалните капацитети на судиите и на јавните обвинители, да ги опреми со потребното знаење и вештини за ефективно адресирање на новите и на сложените прашања од областа на правото на бегалците и правото за азил. Преку ригорозни програми за обука и соработка со национални и со меѓународни експерти, овој Центар ќе придонесе во унапредувањето на експертизата на судиите и на јавните обвинители во справувањето со случаите за бегалците и азилот. Според договорените активности, предвидена е реализација на:

- Модул за основна обука, кој опфаќа организација на една годишна, дводневна работилница за основните знаења за меѓународното право за бегалците и правото на азил, воспоставувајќи основа за понатамошно учење и специјализирано истражување.
- Модул за напредна обука, кој опфаќа годишна, петдневна работилница, која нуди напредна и специјализирана обука за комплексни прашања од меѓународното право за бегалците и правото на азил, вклучувајќи ги и најновите трендови и заштитата на ранливите групи.
- Годишна конференција што ќе претставува платформа на која судиите, јавните обвинители, правните експерти и партнерите ќе можат да дискутираат за развојот на меѓународното право за бегалците и правото на азил, промовирајќи ги притоа најдобрите практики и формулирајќи препораки со кои ќе се адресираат клучните предизвици со кои се соочуваат националните правни системи.

➢ **ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ЕУ** е проект поддржан од Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, а Академијата е еден од клучните партнери за реализација на неговите активности. Во октомври 2023 година беше одржан иницијален состанок, на кој беа договорени активностите што ќе се реализираат во период од три години. Во декември 2023 година почна реализацијата на пилот-обуки посветени на подигнување на информираноста за сајберхигиена наменети за вработените лица во ИТ-секторите во судовите и во јавните обвинителства. Според договореното, обуките за обучувачи ќе продолжат да се спроведуваат и во наредниот период. Имено, со овој проект предвидени се обуки за ИТ-кадарот, односно обуки со кои ќе бидат опфатени сите вработени во ИТ-секторите во судовите и во јавните обвинителства, сè со цел да ги усовршат постојните знаења во насока на поефикасно извршување на своите работни задачи поврзани со функционирање на нивните институции. Содржината на обуките е договорена и со информатичкиот центар на Врховниот суд на РСМ и ќе се сосредоточи на три главни сегменти: обуки за работа со мрежи, обуки за виртуелизација и обуки за работа со серверски и клиентска оперативни системи. Воедно, во рамките на овој проект се договорени и обуки за администрацијата, какви што се, на пример: обуки за работа со пакетот Office, за вработените во судовите за Libre Office (или за пакетот што го користи институцијата) како и обука на обучувачи.

➢ **АМБАСАДАТА НА САД** останува и во 2024 година еден од најсилните поддржувачи на работата на Академијата пружајќи експертска и финансиска помош за реализација на активностите на Академијата. Соработката меѓу Академијата и Амбасадата на САД, преку Програмата ОПДАТ при Министерството за правда на САД, е исклучително значајна и се покажа како многу успешна во делот на организирање обуки со национални и со американски експерти. Амбасадата на САД и во текот на 2024 година во соработка со Академијата активно ќе биде

вклучена во реформите на правосудството и следење на сите нови законски измени, особено во кривичното законодавство.

➢ **АМБАСАДА НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА** – продолжува повеќегодишниот договор за соработка во областа на правосудството, соработката со Националната школа за магистрати во рамките на почетната и континуираната обука (ЕНМ), организација на часови по француски јазик, учество на кандидатите на почетна обука на натпревари и обуки на селектирани теми. Воедно, и во 2024 година Академијата ќе овозможи реализација на стаж на кандидат од ЕНМ во Република Северна Македонија. Преку овој формат на соработка Академијата успешно ја промовира нашата држава и правосудниот систем, а доказ за тоа е што секоја година кандидатите од ЕНМ, Франција, ја избираат Република Северна Македонија да го исполнат последниот услов пред да бидат избрани за судии или за јавни обвинители. Исто така, ќе продолжи и соработката во доменот на спроведување заеднички обуки наменети за судиите и за јавните обвинители на теми поврзани со правото на ЕУ, а особено со заштитата на човековата околина.

➢ **АМБАСАДА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА/ ЦЕНТАР ЗА ПРАВОСУДНА ОБУКА НА ХОЛАНДИЈА/ХЕЛЕСИНШКИ КОМИТЕТ НА ХОЛАНДИЈА** и Академијата во 2023 година почнаа реализација на активности, кои произлегуваат од потпишаниот Меморандум за соработка со Центарот за правосудна обука на Холандија во делот на спроведување обуки, првенствено наменети за едукаторите и за менторите на Академијата, со цел јакнење на капацитетите на Академијата, како и едукативни настани што произлегуваат од договорените активности со Хелсиншкиот комитет на Холандија и Free Press Unlimited, кои се фокусираат на односот помеѓу судството и медиумите. Во 2024 година како дел од соработката со Хелсиншкиот комитет, Академијата ќе биде вклучена во реализација на Програмата МАТРА Ролт, во чии рамки се спроведуваат обуки уште од 2004 година. Овие обуки ги финансира Министерството за надворешни работи на Холандија и определен број теми се испорачуваат како обуки на кои учествуваат соодветно избрани учесници од институциите во државите од Западен Балкан. Во контекст на соработката со Центарот за правосудна обука на Холандија, во 2024 година е предвидена реализација на обуки за обучувачи и други форми на едукативни настани, со кои ќе се даде придонес во унапредувањето на вештините и знаењата на судиите и на јавните обвинители во Република Северна Македонија, како и на слушателите опфатени со програмата за почетната обука на Академијата.

➢ **СОРАБОТКАТА СО ЕЈТН** е особено значајна и покрај фактот што Академијата во моментот има статус на набљудувач поради тоа што не е од земја членка на ЕУ. Сепак, Академијата успешно е вклопена во заедничките активности во ЕЈТН и претставува сериозен партнер за нивна реализација. Академијата во рамките на оваа соработка ќе продолжи и во 2024 година да им создава можности на правните практичари од РСМ да учествуваат и да ги ползуваат придобивките од

овие активности, какви што се учество во обуки, студиски посети итн. Во изминатите две години соработката со ЕЈТН значително се интензивираше и интересот кај националните правни практичари за нивните обуки се зголеми. Во едукативната понуда на ЕЈТН исто така се серијата кратки вебинари, кои се посветени на актуелни и конкретни теми, кои траат еден час и ги спроведуваа по еден странски експерт од предметната област. Академијата редовно ги објавува на својата веб-страница, со што овозможува пристап на судиите и на јавните обвинители до нив. Ваквата форма на едукација се покажува како мошне интересна во земјите на ЕУ, односно тие бележат голема посетеност, и од тие причини, Академијата ќе ја продолжи воспоставената практика на објавување. Во рамките на проектот на ЕЈТН – Западен Балкан 2 во кој е вклучена и Академијата за тековната 2024 година, од страна на проектот финансиски ќе бидат поддржани три учества на судии и јавни обвинители од РСМ што ќе ги номинира Академијата за настаните што се понудени во Каталогот на ЕЈТН.

- **ЦЕНТАРОТ ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ – ЦПИА и Академијата** продолжуваат со реализација на заеднички активности во повеќе правни области што се актуелни и од интерес за целните групи на Академијата. Имено, во последниот Извештај на ЕК за напредокот на РСМ – 2023, се укажува дека државата има одредено ниво на подготовка за борбата против организираниот криминал, како и тоа дека ефективноста во пронаоѓање и идентификување имотна корист значително ќе се подобри со донесување законска регулатива за регулирање на дејноста на АРО канцеларијата. Од друга страна, MONEYVAL во својот извештај ја повикува државата дополнително да ги зајакне мерките за борба против перењето пари и финансирање тероризам. Исто така, во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 се нагласува дека во согласност со изготвената процена на правната рамка постои честа промена на закони, додека практиката покажува дека е потребно разјаснување многу аспекти што се поврзани со привремените мерки за запирање трансакции и замрзнување имотна корист во согласност со ЗКП. Сето ова беше повод во рамките на соработката помеѓу ЦПИА и Академијата во 2024 година да се предвиди спроведување обуки, чија реализација ќе биде поддржана и од Владата на Обединетото Кралство, UKAID и Chemonics. Предвидено е да се одржи една обука, која ќе опфати пет различни правни теми и која би се реализирала во два дена. Целта е да се постигне разграничување на битијата на кривичното дело „перење пари и други приноси од кривично дело“ со сродните кривични дела од посебниот дел на Кривичниот законик на РСМ; да се разберат обележјата на кривичното дело „перење пари и други приноси од кривично дело“ преку анализа на примери и анализа на случаи; да се зголемат сознанијата за дигиталната форензика (препознавање и идентификување на ризиците од активности преземени во рамките на Darknet со цел сторување кривични дела/разбирање на карактеристиките на криптовалутите и нивното користење за сторување кривични дела/Прибавување и оценување на дигиталните докази); разбирање на

значењето на финансиското истражување и соодносот со кривичната истрага/размена на искуства во однос на предизвиците што во практиката се појавуваат со финансиските вештачења и супервештачења; надлежноста и улогата на АРО канцеларијата итн. Целната група слушатели и активни учесници во дискусиите во текот на обуките ќе бидат судии од кривичните оддели во првостепените судови, јавни обвинители и истражители во истражните центри на јавното обвинителство. Интердисциплинарниот состав е нужен за размена на искуства, за подобро разбирање на предизвиците со кои се соочуваат истражителите, јавните обвинители и судиите. При изборот на учесниците ќе се настојува дел од нив да бидат од обвинителства односно од судови што немаат надлежност да постапуваат за дела од областа на организираниот криминалитет со цел и тие да добијат сознанија за правилното разграничување на законските битија, да може полесно да одлучат во однос на надлежноста, да добијат сознанија за дигиталната форензика што не е секогаш директно поврзана само со делата од областа на организираниот криминалитет и корупцијата. Според динамиката на активностите што треба да се преземат за квалитетно одржување на обуките и постигнување на целите што се предвидени за секоја од петте тематски области, обуката е приведено да се одржи во март 2024 година.

Секако, ЦПИА и Академијата ќе продолжат со реализација на обуки за заштитата на животната средина, како резултат на успешно спроведените обуки во изминатата година на оваа тема.

- **ПРАВОСУДНАТА ШКОЛА НА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА и** Академијата во 2024 година ќе почнат со реализацијата веднаш по потпишувањето на Протоколот за соработка. Имено, Академијата за судии и јавни обвинители и Правосудната школа на Република Италија споделуваат заеднички европски вредности, а правните системи на двете држави имаат многу сличности. Имајќи го ова предвид, двете институции во 2023 година почнаа интензивна комуникација, која треба да резултира со потпишување официјален протокол за соработка, чија цел е подигнување на свеста за круцијалната улога на институциите за спроведување правосудна обука во јакнење на владеењето на правото. Предвидените активности во согласност со потпишаниот меморандум опфаќаат размена на експертски искуства и знаења за правосудните системи на двете земји преку спроведување обуки, студиски посети и други форми на едукација, со што ќе се унапредат и ќе се надградат вештините на судиите и на јавните обвинители во двете земји, но и на слушателите што се дел од почетната обука.

- **ПРАВОСУДНАТА АКАДЕМИЈА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА** и Академијата имаат континуирана соработка во чии рамки се реализираат едукативни настани од заеднички интерес за двете институции. Соработката предвидува организирање обуки за разни теми и правни области, размена на експерти за успешно спроведување на програмите за почетна и континуирана обука, студиски посети со цел размена на искуства како за постојните судии и јавни обвинители, така и за слушателите на

програмата за почетна обука на двете академии и размена на мислења и идеи за унапредување и осовременување на методологиите и на работните процеси на институциите. Во 2024 година како дел од оваа соработка двете институции ќе го организираат вториот натпревар на слушателите од почетната обука за јуриспруденцијата на ЕСЧП, кој ќе биде проследен и со реализација на семинар на тема: Членовите на Европската конвенција за човекови права. Имено, првиот натпревар се одржа во Анталија, Република Турција, во мај 2022 година, на кој учествуваа слушатели од почетната обука на правосудните академии од земјите на Западен Балкан. Првото место на овој натпревар го освои Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија и од тие причини вториот натпревар ќе се организира во Република Северна Македонија. Овој натпревар ќе биде во соработка и финансиска поддршка на Правосудната академија на Република Турција и еден од стратешките партнери на Академијата, УНХЦР. Во тековната година ќе се реализираат и низа други активности за кои ќе се процени дека се потребни за јакнење на капацитетите на правосудството во РСМ, пред сè преку унапредување и поддршка на деловните процеси на Академијата.

- **ПРАВОСУДНАТА ШКОЛА НА ГРЦИЈА** и Академијата во тековната 2024 година ќе соработуваат на реализација на проектот за организиран криминал со фокус на трговија со деца. Станува збор за IFS SafeBoarders, проект на Фондот за внатрешна безбедност (European Union/s Internal Security Fund), а лидер на проектот ќе биде Центарот за европско уставно право на Грција. Целта на проектот е борбата против трговијата со деца со јакнење на капацитетите на судските власти и работниците што се на првата линија преку сеопфатен пристап. Сето ова вклучува јакнење на судската експертиза преку размена на знаења, најдобрите практики за идентификација и активности за унапредување на вештините. Клучната компонента вклучува и воспоставување мрежа од специјализирани обвинители за трговија со луѓе, со цел да се унапреди координацијата и експертизата во процесирањето на случаите што вклучуваат деца-жртви. Дополнително, AI-платформа ќе прибира анонимизирани податоци за случаи на трговија со деца од судските власти на сите земји учеснички. Оваа платформа безбедно ќе ги собира и ќе ги анализира информациите користејќи напредни алгоритми за машинско учење и предвидлива аналитика. Преку идентификување шеми, високоризични таргети и криминални мрежи, платформата им дава овластување на судските власти ефективно да ги распределуваат ресурсите и да ги уништат мрежите за трговија со луѓе преку граници. Проектот ќе вклучи организации од земјите на ЕУ (Грција, Бугарија, Италија, Романија, Поласка и Белгија) и од земјите од Западен Балкан (Република Северна Македонија и Албанија). Проектот предвидува: организација на обуки за судии и јавни обвинители; потпишување меморандум за соработка за собирање, споделување и користење податоци за случаи на трговија со деца, учество на завршната транснационална конференција и други заеднички активности.

## VII ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (IT)

Приоритети во однос на сегментот информатички технологии во 2024 година ќе бидат:

- Обезбедување современа опрема што би се користела во процесот на спроведувањето на почетната обука за деветтата генерација слушатели во Академијата;
- Надградување на постојната опрема за потребите на реализација на програмата за континуирана едукација;
- Следење на новините од областа на информатичката технологија и нејзино усогласување со потребите на АСЈО во насока на исполнување на нејзината визија и мисија преку нудење квалитетни и навремени услуги.

Дополнително, ќе се разгледуваат можностите за пренамена и финансирање софтверско решение од страна на проектот за спроведување на испитите во Академијата. Во тековната 2024 година Академијата ќе се стреми кон исполнување на еден од најважните сегменти за успешна реализација на спроведување на приемните испити во почетната обука преку изградба на сопствен ИТ-систем за полагање на испитите. Преку овој систем Академијата во целост ќе ја има контролата врз сите фази од приемниот испит, резултатите од нив, истовремено ќе може да се заштити од евентуални упади во системот како и да осигури безбедност на базата на испитните прашања. Се предвидува и набавка на компјутерска опрема за која ќе се процени дека е најпотребна за тековното функционирање на Академијата. Академијата ќе ја зајакне сигурноста на електронската комуникација преку набавка на нови лиценци и програми.

### *VII-1 Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата*

Академијата како модерна и професионална институција посветува особено внимание на транспарентното работење, кое најчесто се афирмира преку нејзината веб-страница. Изгледот и структурата на веб-страницата на Академијата говорат за модерна и софистицирана страница, која претставува медиумски простор за афирмација на Академијата и на нејзината суштина.

Со оглед на забрзаниот развој на информатичката технологија и многубројните можности што ги нуди овој развој, Академијата ќе ја следи современата технологија и ќе се обиде на секој можен начин сите новини да ги вклопи во својот систем, а со цел да овозможи пристап до што поголем број информации што ќе им бидат достапни преку веб-страницата на Академијата на сите заинтересирани граѓани.

Во 2024 година Академијата ќе продолжи со вмрежување на сите релевантни правосудни институции со цел развивање е-cases и вкрстено поврзување, кои се два клучни сегмента на делот е-Академија. Целта е да се најдат на едно место релевантни пресуди, кои во најголем дел се поврзуваат со одредени членови од ЕКЧП, како и да

се соберат важни документи што со својата правна тежина ќе овозможат развој на правната мисла во нашата држава.

За зачувување на современиот изглед и на содржината на веб-страницата, неопходно ќе биде нејзино секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечки домашни и меѓународни прописи.

## VIII БИБЛИОТЕКА

Доследна во своите цели, Академијата ќе ја следи издавачката дејност во областа на правото и според потребите на судиите и на јавните обвинители, како и на слушателите на програмата на почетната обука, и во иднина ќе го обновува библиотечниот фонд.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и од светот, библиотеката на Академијата ќе продолжи со континуирано објавување на својата веб-страница на стручна литература, списанија, како и релевантни информации и линкови до сите меѓународни и домашни институции, при што во фокусот на Академијата што се однесува на библиотеката, ќе бидат преведувањето и публикувањето нова правна стручна литература.

## IX БУЏЕТ И ИНВЕСТИЦИИ

Една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување соодветен деловен простор, кој ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за обука, како почетна така и континуирана обука. И во наредниот период Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности во согласност со законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства, како и ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства. На Академијата за судии и јавни обвинители за 2024 година ѝ е одобрен буџет од вкупно 187.230.000,00 денари. Во споредба со 2023 година, одобрениот буџет е за 33% поголем. Во буџетот за 2024 година се одобрени 12.500.000,00 денари за реализацијата на активностите во рамките на програмата за континуирана обука.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор
Судија Беким Мехмеди

______________________________